МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО
1000 Скопје
www.msp.org.mk contact@msp.org.mk

---

Согласно член 16 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија, бр. 52/2010, 135/11 и 55/2016), членовите на Извршниот одбор МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје, на ден 25.12.2022 година, ја донесе следнава

**П Р О Г Р А М А З А Р А Б О Т А**

на МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје

за 2023 година

**МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје во 2023 година ќе ги реализира следниве активности:**

❖ Македонско пеноллошко друштво планира да продолжи да работи во насока и промоција и остварување на најдобрите интереси на децата во ризик и децата во судир со законот.

❖ Од направените анализи и спроведените разговори на проектот за Превенција на детско престапништво што МПД го спроведува изминатите три години, произлезе потреба да се прошири истражувањето кон идентификување на состојбата со децата чиишто родители се во затвор, ризиците со коишто тие се соочуваат, дискриминацијата и потешкотии во нивниот правилен раст и развој и социјализација.

Грижата за децата е дел од Поглавјето 23, како особено важен аспект на владеење на правото и конзистентен правосуден систем во којшто децата ќе бидат заштитени, ќе им се пружи помош, грижа и заштита. Проектот се вклопува во напорите на ЕУ за натамошно подобрување на правдата за децата и подобрување на службите за поддршка на децата (Commission Report on the former Yugoslav Republic of Macedonia (2018/2145(INI)), како и за потребата од интегриран систем за заштита на децата, со што детето ќе биде сместено во центарот на системот (Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic And Social Committee and the Committee of the regions 2018 Communication on EU Enlargement Policy, COM/2018/450 final).

Токму затоа, МПД следните истражувања ќе ги насочи кон утврдување на бројот на детска популација во РСМ чии родители издржуваат казна затвор во текот на 2018 година, утврдување на нивниот психосоцијален, здравствен, едукативен и семеен статус и

констатирање на нивото на ризик, како и подигање на свеста за потребните капацитети што треба да ги имаат институциите во системот на правда за децата.

❖ Согласно Законот за правда за децата (Сл. весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013), чл.159 предвидено е општините да формираат општински совети за детско престапништво, со цел имплементација на Законот во делот на превенција на детско престапништво, а во најдобар интерес на децата и нивна добросостојба. Согласно Извештајот на Државниот совет за превенција на детско престапништво кој ја следи работата на општинските совет, се констатира дека формирани се совети само во 18 општини. Но и овие веќе формирани општински совети не ја реализираат својата надлежност односно нема видливост на нивната работа и посветено функционирање. Верификатор на работата на општинските совети е Годишната програма која за својата работа на подрачјето на општината со активности за следење на состојбите со детското престапништво, покренување на иницијативи за подобрување на состојбите и развивање на програми за вклучување на локалната заедница во превенцијата, но и третманот на деца во контакт и судир со законот. За својата работа општинските совети најмалку еднаш годишно го известуваат советот на општината и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

Д-р Елена Мујоска Трпевска

**ПРЕТСЕДАТЕЛ на МПД**